РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2014/2
30-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 37-та седница одржана на 29.07.2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под бр. 12-2014/1 од 21.05.2026 година, со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за прераспоредување на работник во ЈЗУ ---- “----” Скопје, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување во пријавениот случај.

Предметот со бр. 12-2014/1 од 21.05.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 21.05.2026 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за прераспоредување на работник во јавна здравствена установа ЈЗУ ---- “----” Скопје и оформен е предмет бр. 12-2014/1 од 21.05.2026 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на донесено Решение за прераспоредување на работник бр. ---- од ---- година, со кое подносителот, вработен во ЈЗУ ---- “----” Скопје (понатаму: Клиника) бил распореден на работно место дипломирана ---- сестра на ниво на оддел со шифра ЗДР --------, на Клиниката ----. Како што е наведено во пријавата, потребата за распоредувањето не била неопходна за потребите на Клиниката, туку била резултат на тенденциозен и негативен однос на директорот кон подносителот, како резултат на лични и партиски убедувања.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК изврши увид во доставената документација од страна на подносителот, како и на релевантните законски акти.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Видно од приложената документација, пред се Решението за прераспоредување на работник бр. ---- од 05.05.2026 година, може да се утврди дека подносителот бил прераспореден на работно место на исто ниво, за кое ги исполнувал општите и посебните услови утврдени во актот за систематизација на работните места, а поради констатирана потреба на здравствената установа за организација на работата.
*Според член 163 од Закон за здравствената заштита („Службен весник на РМ“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 153/2019, 180/2019, 275/2019, 77/2021, 122/2021, 178/2021, 150/2022, 236/2022, 199/2023, 236/2023, 263/2023, 30/2024, 74/2024, 170/2024 и 31/2026), Здравствен работник, односно здравствен соработник кој ги исполнува посебните услови од членот 158 став (5) од овој закон, по потреба на здравствената установа или по негово барање, може да се распореди во истата здравствена установа на друго работно место согласно со актот за систематизација за работни места.*

Согласно членот 163 од Законот за здравствена заштита, директорот има право да распореди работник на работно место за кое истиот ги исполнува општите и посебните услови, а заради констатирана потреба за непреченото одвивање и организација на работниот процес во здравствената установа, што во конкретниот случај е сторено од страна на директорот. Дополнително, подносителот има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека пријавените наводи се однесуваат на законски овластувања на директорот на споменатата ЈЗУ кој ги искористил во конкретниот случај, при што оцени дека ДКСК нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата